ndalimin e drejtimit të automjetit motorik në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut, për të cilën njoftohet policia kufitare për realizim të ndalesës."

Neni 4

Neni 396 fshihet.

Neni 5

Ky Ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e publikimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, kurse do të fillojë të zbatohet nga 1 shkurti 2026.

---

**4980.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2025 година.

Бр. 08-7173/1
17 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Северна Македонија” број 241/24), во член 1 по ставот 3 се додаваат четири нови става 4, 5, 6 и 7, кои гласат:

„Доколку во текот на реализацијата на утврдените проекти од јавен интерес предвидени согласно со одлуката од ставот 3 на овој член, се појави разлика меѓу потребниот и предвидениот износ на средствата за нивна реализација, истата, со цел целосна реализација на предвидените проекти од јавен интерес, ќе ја покрие концедентот, во вредност не повеќе од 20% од цената на вредноста на проектот утврдена со одлуката од ставот 3 на овој член.

Потребните средства од ставот 4 на овој член за реализација на проектот од јавен интерес се обезбедуваат од концесискиот надоместок кој го плаќа концесионерот за доделената концесија, врз основа на извештај за реализација со придружна документација, доставени од правното лице определено за реализација на проектот согласно со одлуката од ставот 3 на овој член, потврдени со завршен извештај од страна на надзорот согласно со прописите од областа на градењето.

По исклучок на членот 41 став 7 од овој закон во случаите од ставовите 4 и 5 на овој член, Владата на Република Северна Македонија по претходно обезбедена согласност од концесионерот, може да донесе одлука за склучување на анекс на договорот за концесија, за начинот на обезбедување на средствата од ставовите 4 и 5 на овој член со цел целосна реализација на предвидените проекти од јавен интерес.

Во одлуката од ставот 6 на овој член се утврдува начинот на обезбедување на средствата од ставовите 4 и 5 на овој член, динамиката и начинот на нивната исплата, согласно со договорот за концесија и анексот на договорот за концесија склучен согласно со ставот 1 на овој член.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I G JI
## I PLOTËSIMIT TË LIGJIT TË KONCESIONEVE DHE PARTNERITET PRIVAT PUBLIK

Neni 1

Në Ligjin për plotësimin e Ligjit të Koncesione dhe Partneritet Privat Publik (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 241/24) në nenin 1, pas paragrafit 3 shtohen katër paragrafë të rinj 4, 5, 6 dhe 7 si vijojnë:

"Nëse, gjatë realizimit të projekteve të përcaktuara me interes publik të parashikuara në pajtim me vendimin nga paragrafi 3 i këtij neni, u paraqit ndryshimi ndërmjet shumës së kërkuar dhe asaj të parashikuar të mjeteve për realizimin e tyre, të njëjtat, me qëllim realizimin e plotë të projekteve të parashikuara me interes publik, do të mbulohen nga koncesioneri, në shumë që nuk tejkalon 20% të çmimit të vlerës së projektit të përcaktuar me vendimin nga paragrafi 3 të këtij neni.

Mjetet e nevojshme nga paragrafi 4 i këtij neni për realizimin e projektit me interes publik do të sigurohen nga kompensimi i koncesionit e paguar nga koncesionari për koncesionin e dhënë, bazuar në raportin mbi zbatimin me dokumentacionin shoqërues, të paraqitur nga personi juridik i caktuar për realizimin e projektit në pajtim me vendimin nga paragrafi 3 i këtij neni, i konfirmuar me raport përfundimtar nga mbikëqyrja në pajtim me rregulloret në fushën e ndërtimit.

Me përjashtim të nenit 41, paragrafi 7, të këtij ligji, në rastet nga paragrafët 4 dhe 5 të këtij neni, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, me pëlqimin paraprak të koncesionarit, mund të miratojë vendim për lidhjen e aneksit të marrëveshjes së koncesionit, mbi mënyrën e sigurimit të mjeteve nga paragrafët 4 dhe 5 të këtij neni me qëllim realizimin e plotë të projekteve të parashikuara me interes publik.

Vendimi nga paragrafi 6 të këtij neni përcakton mënyrën e sigurimit të mjeteve nga paragrafët 4 dhe 5 të këtij neni, dinamikën dhe mënyrën e pagesës së tyre, në pajtim me marrëveshjen e koncesionit dhe aneksin e marrëveshjes së koncesionit të lidhur në pajtim me paragrafin 1 të këtij neni.".

Neni 2

Ky Ligj hyn në fuqi nga dita e publikimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**4981.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за возила,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2025 година.

Бр. 08-7175/1 Претседател на Република
17 декември 2025 година Северна Македонија,
Скопје **Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА

Член 1

Во Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2008, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19, 308/20, 87/23, 148/25 и 160/25), во член 5-б во ставот (3) по зборовите: „Република Северна Македонија“ се додаваат зборовите: „како и лица со трансплатиран орган или ткиво и лица донори на орган или ткиво, со утврдена состојба согласно со конзилијарно мислење од соодветна здравствена установа за примање на терапија, односно отпусно писмо од соодветна здравствена установа со кое е утврдено дека истите се донори,“.

Член 2

Во член 26 во ставот (10) зборовите: „алинеи 1, 3 и 4,“ се бришат.

Во ставот (11) зборовите: „алинеи 1, 3 и 4,“ се бришат.

Во ставот (13) зборовите: „алинеи 1, 3 и 4,“ се бришат.

Во ставот (14) бројот „50“ се заменува со бројот „500“.

Член 3

Во член 27 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Министерот за финансии на предлог на директорот на Управата за финансиска полиција го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Управата за финансиска полиција.”.

Член 4

Во член 30 во ставот (1) по првата реченица се додава нова реченица, која гласи: „Кога сопственик на возилото е лизинг компанија и корисникот на лизинг е различен од сопственикот на возилото, регистрација на возилото може да се врши и согласно со живеалиштето, односно седиштето на корисникот на лизинг.“.

Член 5

Во член 30-г по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) На кандидатите од ставот (1) на овој член, врз основа на издадено уверение, а по поднесено барање, Министерството за внатрешни работи им издава лиценца за работа.“.

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Член 6

Во член 31 став (2) во алинејата 11 зборот „користење“ се заменува со зборот „употреба“.

Во ставот (7) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и на лица со трансплатиран орган или ткиво и лица донори на орган или ткиво, со утврдена состојба согласно со конзилијарно мислење од соодветна здравствена установа за примање на терапија, односно отпусно писмо од соодветна здравствена установа со кое е утврдено дека истите се донори.“.

Член 7

Во член 32 по став (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи, за посебни возила на Управата за финансиска полиција се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога тоа ќе го определи директорот на Управата за финансиска полиција.“.

Член 8

Во член 48 во став (1) алинејата 8 се брише.

Алинејата 9 која станува алинеја 8 се менува и гласи:

„- начинот и постапката на полагање на стручниот испит, формата и содржината на уверението за положен испит, формата и содржината на образецот на лиценцата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведените стручни испити од страна на комисијата, согласно со членот 30-г од овој закон и“.

Член 9

Во член 73 во став (1) во алинејата 2 по зборовите: „телефонски број“ се додаваат зборовите: „на мобилен телефон“.

По ставот (13) се додаваат четири нови ставови (14), (15), (16) и (17), кои гласат:

„(14) Сопственикот на возилото е должен во овластеното правно лице за вршење на технички преглед, веднаш по промената, а најдоцна во рок од три дена да ги ажурира податоците за сопственикот од ставот (1) алинеја 2 на овој член, кои се однесуваат на телефонски број на мобилен телефон и електронска адреса.

(15) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на сопственикот на возилото доколку не постапи согласно со одредбите од ставот (14) на овој член.

(16) Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правното лице доколку не постапи согласно со одредбите од ставот (14) на овој член.

(17) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (16) на овој член.“.

Член 10

Во член 88 во ставот (1) по бројот „26“ се додаваат зборовите: „ставови (12), (15) и (16)“.

Член 11

Членот 92 се менува и гласи:

„(1) За прекршоците утврдени во член 26 ставови (12), (15) и (16), член 33 ставови (17), (18) и (21), член 35 став (4), член 36 став (5), член 37 став (6), член 38 став (16), член 40 ставови (13) и (14), член 41 ставови (4) и (5), член 42 став (4), член 43 ставови (2) и (3), член 44 став (2), член 45 став (2), член 46 став (2), член 47 ставови (3), (4), (5) и (6), член 54 став (4), член 56-а ставови (13) и (14), член 62-а ставови (13) и (14), член 66-г ставови (11) и (12), член 73 ставови (10) и (15), член 82 став (4) и член 85 став (4) од овој закон, униформираниот полициски службеник е должен на сторителот на прекршокот, физичко лице, да му изготви записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог, односно записник за контрола на техничка исправност на возила на јавен пат согласно со членот 82 од овој закон.

(2) За прекршоците од членовите 33, 37, 40, 41, 56-а и 62-а од овој закон, утврдени во управна постапка, овластеното службено лице е должно да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(3) Доколку сторителот не ја плати глобата во рок утврден со закон, униформираниот полициски службеник поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата од членот 88 од овој закон.“.

Член 12

Во член 92-а во ставот (1) зборовите: „26 став (10), (13), (14), (17) и (18), “ се заменуваат со зборовите: „26 ставови (13), (14), (17) и (18)“, а зборовите: „73 став (11) и (12)“ се заменуваат со зборовите: „73 ставови (11), (12), (16) и (17),“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) За прекршоците утврдени во членот 26 ставови (10) и (11) од овој закон, констатирани од полициски службеник или од посебен електронски систем одлучува надлежен суд, согласно закон.“.

Член 13

Членот 92-б се менува и гласи:

„Поблиските прописи за формата и содржината на образецот на записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог и записник за контрола на техничка исправност на возила на јавен пат ги донесува министерот за внатрешни работи.“.

Член 14

По членот 92-б се додаваат два нови членови 92-в и 92-г, кои гласат:

„Постапка за прекршоци констатирани од посебен електронски систем во Министерството за внатрешни работи.

Член 92-в

(1) На сопственикот на возилото со кое е сторен сообраќаен прекршок констатиран од посебен електронски систем, Министерството за внатрешни работи му доставува известување со линк за преземање на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог и фотозапис со кој е документиран прекршокот, како и укажување во однос на начинот на доставата и последиците од неотворање на линкот.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член се доставува во постапка утврдена со закон.

(3) Сопственикот на возилото може да ја прифати одговорноста за сторување на прекршокот, да не ја прифати одговорноста за сторување на сообраќајниот прекршок или да оствари право на судска заштита под услови и на начин утврден со закон.

(4) За прекршоците од ставот (1) на овој член одлучува надлежен суд.

(5) Записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог под точно определени услови утврдени со закон може да преставува извршна исправа или да се смета за барање за поведување на прекршочна постапка.

Член 92-г

Записникот со прекршочен платен налог кој го издава Министерството за внатрешни работи ги содржи битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса, број на лична карта, матичен број, телефонски број на мобилен телефон и електронска адреса, доколку се познати, ако се работи за странец - број на патната исправа и држава, а за правно лице - назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието, правна квалификација на прекршокот, лицата затекнати на самото место, износ на глобата пропишан за прекршокот и прекршочна санкција - забрана за управување со моторно возило за определена категорија (доколку е пропишана за тој прекршок), податоци на возилото (сопственост, вид, марка и број на регистарски таблици), податоци за уредот со кој е констатиран и документиран сторениот прекршок, бројот на сметката за плаќање и правни поуки. Записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог го потпишува униформираниот полициски службеник и сторителот на прекршокот, освен во определени случаи кога прекршокот е констатиран со посебен електронски систем, кога истиот се потпишува согласно со закон.“.

Член 15

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членовите 10, 11, 12 и 14 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2026 година.

---

## L I GJ I
## I NDRYSHIMIT DHE PLOTËSIMIT TË LIGJEVE PËR AUTOMJETE

Neni 1

Në Ligjin e Automjete (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 140/2008, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 dhe 39/16 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 161/19, 308/20, 87/23,148/25 dhe 160/25), në nenin 5-b në paragrafin (3) pas fjalëve: “Republika e Maqedonisë së Veriut” shtohen fjalët: "si dhe personat me organ ose ind të transplantuar dhe personat që janë dhurues të organeve ose indeve, me gjendje të përcaktuar në pajtim me një mendim konsullor nga institucioni i përshtatshëm shëndetësor për marrjen e terapisë, përkatësisht një fletë lëshimi nga një institucion i përshtatshëm shëndetësor që vërteton se ata janë dhurues,".

Neni 2

Në nenin 26, në paragrafin (10), fjalët: “nënparagrafët 1, 3 dhe 4 fshihen.

Në paragrafin (11) fjalët: “nënparagrafët 1, 3 dhe 4 fshihen.

Në paragrafin (13) fjalët: “nënparagrafët 1, 3 dhe 4 fshihen.

Në paragrafin (14) numri “50” zëvendësohet me numrin “500”.

Neni 3

Në nenin 27 pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6) si vijon:

"(6) Ministri i Financave me propozim të drejtorit të Drejtorisë së Policisë Financiare përcakton mënyrën e regjistrimit të automjeteve të Drejtorisë për Polici Financiare.”

Neni 4

Në nenin 30, në paragrafin (1), pas fjalisë së parë shtohet fjali e re si vijon:

"Kur pronari i automjetit është kompani lizingu dhe qiramarrësi është i ndryshëm nga pronari i mjetit, regjistrimi i mjetit mund të kryhet edhe sipas vendbanimit ose selisë së shfrytëzuesit të lizingut."

Neni 5

Në nenin 30-g pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

"(2) Kandidatëve nga paragrafi (1) i këtij neni, në bazë të certifikatës së lëshuar, ndërsa sipas kërkesës së parashtruar, Ministria e Punëve të Brendshme u lëshon licencë për punë."

Paragrafët (2), (3), (4) dhe (5) bëhen paragrafët (3), (4), (5) dhe (6).

Neni 6

Në nenin 31, paragrafin (2), në nënparagrafin 11 fjala “shfrytëzim” zëvendësohet me fjalën “përdorim”.

Në paragrafin (7), pika në fund të fjalisë fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "si dhe personat me një organ ose ind të transplantuar dhe personat që janë dhurues të organeve ose indeve, me gjendje të përcaktuar në pajtim me mendim konsullor nga një institucion i përshtatshëm shëndetësor për marrjen e terapisë, përkatësisht një fletë lëshimi nga një institucion i përshtatshëm shëndetësor që vërteton se ata janë dhurues,".

Neni 7

Në nenin 32, pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6), si vijon:

“(6) Me përjashtim të paragrafit (1), të këtij neni, për kryerjen e detyrave të caktuara, për automjetet speciale të Drejtorisë së Policisë Financiare lëshohen dy ose më shumë leje qarkullimi dhe targa regjistrimi, në rast kur këtë e përcakton drejtori i Drejtorisë së Policisë Financiare.”.

Neni 8

Në nenin 48, në paragrafi (1), nënparagrafi 8 fshihet.

Nënparagrafi 9, i cili bëhet nënparagrafi 8, ndryshohet si vijon:

"- mënyra dhe procedura për dhënien e provimit profesional, forma dhe përmbajtja e certifikatës për dhënien e provimit, forma dhe përmbajtja e formularit të licencës për dhënien e provimit, mënyra e punës së komisionit për kryerjen e provimit profesional dhe programi për dhënien e provimit profesional, si dhe mënyra e mbajtjes së evidencës së provimeve profesionale të kryera nga komisioni, në përputhje me nenin 30-g të këtij ligji dhe".

Neni 9

Në nenin 73 në paragrafin (1) në nënparagrafin 2 pas fjalëve: “numër i telefonit” shtohen fjalët: “telefonit celular”.

Pas paragrafit 13) shtohen katër paragraf të ri (14), (15), (16) dhe (17) si vijojnë:

"(14) Pronari i automjetit është i detyruar t'i azhurnojë të dhënat për pronarin nga paragrafi (1) alineja 2 e këtij neni, të cilat kanë të bëjnë me numrin e telefonit celular dhe adresën e email-it, te personi juridik i autorizuar për kryerjen e kontrollit teknik, menjëherë pas ndryshimit, dhe jo më vonë se brenda tre ditëve.

(15) Gjobë në shumë prej 100 euro në kundërvlerë me denar do t’i shqiptohet pronarit të automjetit nëse nuk vepron në pajtim me dispozitat e paragrafit (14 ) të këtij neni.

(16) Gjobë në shumë prej 50 deri në 1.000 euro në kundërvlerë me denarë për mikro-tregtarë, gjobë në shumë prej 50 deri në 2.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarët e vegjël, gjobë në shumë prej 250 deri në 6.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarët e mesëm dhe gjobë në shumë prej 250 deri në 10.000 euro në kundërvlerë me denarë për tregtarët e mëdhenj do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik nëse nuk vepron në pajtim me dispozitat e paragrafit (14) të këtij neni.

(17) Gjobë në shumë prej 500 euro në kundërvlerë me denar do t’i shqiptohet personit përgjegjës në personin juridik për kundërvajtje të kryer nga paragrafi (16) të këtij neni.”.

Neni 10

Në nenin 88, në paragrafin (1) pas numrit "26" shtohen fjalët: “paragrafët (12), (15 ) dhe (16)”.

Neni 11

Neni 92 ndryshohet si vijon:

"(1) Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenin 26 paragrafi (12), (15) dhe (16), nenin 33 paragrafi (17), (18) dhe (21), nenin 35 paragrafi (4), nenin 36 paragrafi (5), nenin 37 paragrafi (6), nenin 38 paragrafi (16), nenin 40 paragrafi (13) dhe (14), nenin 41 paragrafi (4) dhe (5), nenin 42 paragrafi (4), nenin 43 paragrafi (2) dhe (3), nenin 44 paragrafi (2), nenin 45 paragrafi (2), nenin 46 paragrafi (2), nenin 47 paragrafi (3), (4), (5) dhe (6), nenin 54 paragrafi (4), nenin 56-a paragrafi (13) dhe (14), nenin 62-a paragrafi (13) dhe (14), nenin 66-g paragrafi (11) dhe (12), nenin 73 paragrafi (10) dhe (15), nenin 82 paragrafi (4) dhe nenit 85 paragrafi (4) të këtij ligji, nëpunësi i uniformuar i policisë është i detyruar të përgatisë procesverbal për kryesin e kundërvajtjes, person fizik, për kundërvajtjen e kryer të trafikut me urdhër pagese për kundërvajtje, përkatësisht procesverbal për kontrollin e gjendjes teknike të automjeteve në rrugë publike në pajtim me nenin 82 të këtij ligji.

(2) Për kundërvajtjet nga nenet 33, 37, 40, 41, 56-a dhe 62-a të këtij ligji, të përcaktuara në procedurë administrative, personi i autorizuar zyrtar është i detyruar të paraqesë kërkesë për fillimin e procedurës kundërvajtëse.

(3) Nëse kryerësi nuk e paguan gjobën brenda afatit të përcaktuar me ligj, oficeri i uniformuar i policisë do të paraqesë kërkesë për fillimin e procedurës kundërvajtëse te Komisioni i përmendur në nenin 88 të këtij ligji.”.

Neni 12

Në nenin 92-a në paragrafin (1) fjalët: „26 paragrafi (10), (13), (14), (17) dhe (18), “ zëvendësohen me fjalët: “26 paragrafi (13), (14), (17) dhe (18)”, ndërsa fjalët: “73 paragrafi (11) dhe (12)” zëvendësohet me fjalët: “73 paragrafin (11), (12), (16) dhe (17),”.

Pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4) si vijon:

"(4) Gjykata kompetente vendos për kundërvajtjet e përcaktuara në nenin 26, paragrafët (10) dhe (11) të këtij ligji, të konstatuara nga një oficer policie ose nga një sistem elektronik i posaçëm, në përputhje me ligjin."

Neni 13

Neni 92-b ndryshohet si vijon:

"Ministri i Punëve të Brendshme miraton rregullore të hollësishme për formën dhe përmbajtjen e formularit të një procesverbali për një kundërvajtje rrugore me një urdhër pagese për kundërvajtje dhe një raporti mbi kontrollin e gjendjes teknike të automjeteve në rrugët publike.".

Neni 14

Pas nenit 92-b shtohen dy nene të reja 92-v dhe 92- g, si vijojnë:

"Procedura për kundërvajtje të konstatuara nga një sistem elektronik i posaçëm në Ministrinë e Brendshme"

Neni 92-v

(1) Pronarit të automjetit me të cilin është kryer kundërvajtje në komunikacion e konstatuar nga sistemi i veçantë elektronik, Ministria e Punëve të Brendshme i dorëzon njoftim me një link për të shkarkuar procesverbalin për kundërvajtje të kryer në komunikacion me një urdhër pagese për kundërvajtje dhe një fotoregjistër që dokumenton shkeljen, si dhe një udhëzim në lidhje me metodën e dorëzimit dhe pasojat e moshapjes së link-ut.

(2) Njoftimi nga paragrafi (1) i këtij neni, dorëzohet në procedurë të përcaktuar me ligj.

(3) Pronari i automjetit mund të pranojë përgjegjësinë për kryerjen e kundërvajtjes, të mos pranojë përgjegjësinë për kryerjen e kundërvajtjes në komunikacion, ose të realizojë të drejtën e mbrojtjes gjyqësore, sipas kushteve dhe në një mënyrë të përcaktuara me ligj.

(4) Për kundërvajtjet nga paragrafi (1) i këtij neni vendos gjykata kompetente.

(5) Procesverbali i kryerjes së kundërvajtjes me urdhër pagesë për kundërvajtje në kushte të përcaktuara saktësisht me ligj të posaçëm mund të ketë fuqinë e aktit ekzekutiv ose të konsiderohet kërkesë për fillimin e procedurës së kundërvajtjes.

Neni 92-g

Procesverbali i urdhër pagesës për kundërvajtje të lëshuar nga Ministria e Brendshme përmban elementet thelbësore të veprimit nga i cili rrjedh natyra juridike e kundërvajtjes, emrin personal, adresën, numrin e kartës së identitetit, numrin e sigurimeve shoqërore, numrin e telefonit celular dhe adresën e email-it - nëse dihet, nëse është i huaj - numrin e dokumentit të udhëtimit dhe vendin, dhe për një person juridik - emrin, selinë e regjistruar dhe numrin e tatimit, kohën, vendin dhe mënyrën e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimin e veprimit, kualifikimin ligjor të kundërvajtjes, personat e gjetur në vendin e ngjarjes, shumën e gjobës së përcaktuar për kundërvajtjen dhe sanksionin kundërvajtës - ndalimin e drejtimit të mjetit motorik për një kategori të caktuar (nëse është përcaktuar për atë kundërvajtje), të dhënat e mjetit (pronësia, lloji, marka dhe numri i targave), të dhënat mbi pajisjen me të cilën është konstatuar dhe dokumentuar kundërvajtja e kryer, numrin e llogarisë së pagesës dhe udhëzimet ligjore. Procesverbali për kundërvajtje rrugore me urdhër pagese për kundërvajtje nënshkruhet nga oficeri i uniformuar i policisë dhe kryesi i kundërvajtjes, përveç në raste të caktuara kur kundërvajtja përcaktohet nga një sistem elektronik i posaçëm, kur ajo nënshkruhet në pajtim me ligjin. ".

Neni 15

Aktet nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 16

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e publikimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, përveç dispozitave të neneve 10, 11, 12 dhe 14 të këtij ligji të cilat do të do të fillojnë të zbatohet nga 1 shkurti 2026.

---

**4982.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2025 година.

Бр. 08-7176/1
17 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24 и 193/25), по членот 226 се додава нов член 226-а, кој гласи:

„Член 226-а

(1) Возачот кој е под дејство на опојни droги и психотропни супстанци не смее да управува со возилото во сообраќајот на пат, ниту да започне да управува со возило.

(2) Ќе се смета дека е под дејство на опојни дроги или психотропни супстанци, лицето за кое со анализа на крвта или на крвта и урината или со друг метод за мерење ќе се утврди присуство на овие средства во неговиот организам.“.

Член 2

Во член 254 во ставот (4) зборовите: „два члена, кои имаат најмалку десет години работно искуство во областа на сообраќајот“ се заменуваат со зборовите: „три члена, од кои претседателот и два члена имаат најмалку 10 години работно искуство во областа на сообраќајот и еден член има најмалку 10 години работно искуство во областа на информатичката технологија“.

Член 3

Во член 255 во ставот (4) зборовите: „ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (2) и (3)“.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Стручниот испит се спроведува во Министерството за внатрешни работи. Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Министерството за внатрешни работи.“.

Член 4

Во член 256 ставот (5) се менува и гласи:

„Полагањето на стручниот испит се снима, а снимките од одржаниот испит и материјалите од одржаниот испит, односно хартиените верзии од теоретскиот дел спецумените за проверка на точноста на одговорите на тестот се чуваат во Министерството за внатрешни работи една година од денот на одржување на испитот.“.

Ставот (6) се брише.